# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 6 год.21** |

**Општина Чучер - Сандево, јули 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Вторник** | **Бр. 6** |
| **по потреба** | **31 јули 2018 година** | **Год. 21** |


# 33.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА II КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавуваат **Одлука за усвојување на квартален извештај**, **за II квартал за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/1**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 23 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општината Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на Општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

### О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА II КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

1.Се усвојува кварталниот извештај за **II** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2018** до **30.06.2018** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2018** до **30.06.2018** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-863/3**
**30.07.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 34.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетото на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/2**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (“Слубен весник РМ” бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 23 став 1 од Статутот на Општина Чучер Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер Сандево” бр.02/03), Советот на Општина Чучер Сандево на **9$^{та}$** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2018година на следниот начин :

| | | Осн.буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **К20** | **МУЗИЧКА СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати-други вработени | 0 | 0 | -60.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2018 година.

**Бр. 08-863/4**
**30.07.2018 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**Претседател**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 35.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

Се објавува **Одлука за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/3** **Општина Чучер-Сандево**
**31.07.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 23 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Сл.гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03) и член 21 од Законот за угостителска дејност (“Сл.весник на РМ“бр 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15 и 53/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

### Член 1

Со ова одлука се утврдува висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор.

### Член 2

Висината на надоместокот за добивање на лиценца за:

-кабаре, износ од 3.500,00 евра во денарска противвредност;

-ноќен бар, износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност;

-дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, износ од 7.000,00 евра во денарска противвредност;

### Член 3

Надоместокот од член 2 на ова одлука, угостителите се должни да го уплатат 50% на сметка на Општината, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Македонија, во денарска противредност според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-863/5**
**30.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 36.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕТНОСТ (ПЛРК)**

Се објавува **Одлука за учество на Општина Чучер-Сандево во спроведување на Проектот за локална и регионална конкуретност (ПЛРК)**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/4**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), член 23 од Статутот на Општината Чучер - Сандево ("Сл.гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕТНОСТ (ПЛРК)**

**Член 1**

Со ова одлука се одобрува учество во спроведување на "Проектот за локална и регионална конкуретност" (ПЛРК), подпроект "Туристичко возобновување на Општина Чучер-Сандево", аплициран во рамки на Вториот повик за доставување на проекти предлози од ИПА Програмата.

**Член 2**

Вкупниот буџет на подпроектот "Туристичко возобновување на Општина Чучер-Сандево" изнесува 19.373.343,00 денари.

Општина Чучер-Сандево ќе учествува во финасирање на подпроект со средства како сопствено учество во проектниот буџет во износ од 2,644.043,00 денари од кои:

2.200.043,00 денари како парични средства и
444.000,00 како непарични средства.

Останатите 16,729,300,00 денари ќе бидат обезбедени преку ПЛРК кој е финасиран од Европската унија преку ИПА II, а се спроведува од страна на Кабинетот на Заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресурси, а се администрира од страна на Светска банка.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево во својство на одговорно лице на Општина Чучер-Сандево да го имплементира подпроектот “Туристичко возобновување на Општина Чучер-Сандево“

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-863/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.07.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 37.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ**

Се објавува **Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/5** **Општина Чучер-Сандево**
**31.07.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14 и 64/15), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ

### Член 1

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти УП 1 бр.**09-2582** од **01.09.2011** година, за објекти со намена:

**-А5-4 останати помошни објекти**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **641/2** и КП **640/2** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **628/2**, КП **629/1** и КП **627/1** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 2, кој е изграден на КП **629/1**, КП **630/1** и КП **3732** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 1 ,кој е изграден на КП **613**, КП **627/2**, КП **628/1**, КП **3732** и КП **611/3** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **605**, КП **606** и КП **603** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 2, кој е изграден на КП **605**, КП **603** и КП **532** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **532** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 2, кој е изграден на КП **532** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 3, кој е изграден на КП **532** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Е14 трафостаници** (од и над 35 KV), означен како број на зграда 4, кој е изграден на КП **532** и КП **596/2** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 4, кој е изграден на КП **3732**, КП **554** и КП **555** КО **Мирковци**, м.в.**Бањанска Бразда**;

**-Б4-3 управни згради**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **556** КО **Мирковци**, м.в.**Под Рид**;

**-Б4-3 управни згради**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **548** и КП **556** КО **Мирковци**, м.в.**Завртак**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 1, кој е изграден на КП **547/1** КО **Мирковци**, м.в.**Завртак**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 3, кој е изграден на КП **103/1** и КП **119/2** КО **Мирковци**, м.в.**Завртак**;

**-Г1-1 рудници и градби за потребите на рудниците**, означен како број на зграда 2, кој е изграден на КП **547/2** и КП **103/1** КО **Мирковци**, м.в.**Завртак** и

**- Б4-6 други деловни простории**, означен како број на зграда 3, кој е изграден на КП **547/2** КО **Мирковци**, м.в.**Завртак**, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека **може** да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација .

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-863/7**
**30.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 38.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ**

Се објавува **Одлука за недонесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/6**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **9-та** седница одржана на **30.07.2016** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА НЕДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Член 1**

По поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и тоа УП 1 бр. **09-2582** од **01.09.2011** година, за објект **А5-4 - останати помошни објекти**, изграден на КП **2159** КО **Бањани**, м.в.**Калемџиева Чешма** и КП **1239** КО **Бањани**, м.в.**Бања,** Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека **неможе** да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-863/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.07.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 39.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3491/1 И КП 3724/1 КО МИРКОВЦИ**

Се објавува **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3491/1 И КП 3724/1 КО Мирковци**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/7**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 3) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3491/1 И КП 3724/1 КО МИРКОВЦИ**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр.**09-1822** од **26.08.2011** година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежнотоземјиште за бесправниот објект, **А4-3 викенд куќи**, кој е изграден КП **3491/1** и КП **3724/1** КО **Мирковци**.

Согласно Општиот акт за с.**Мирковци**, КП **3491/1** КО **Мирковци**, на која е изграден дел од објектот (33 м2) е со намена Г-производство, дистрибуција и сервис, а КП **3724/1** КО **Мирковци** на која е изграден останатиот дел од објектот (7$м^2$) е со намена Е-инфраструктура (пат).

**Член 2**

Со денот на влегување во сила на ова Одлука, престанува да важи Одлуката бр.08-785/24 од 19.09.2017 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-863/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.07.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 40.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 1161/3 И КП 3708/1 КО МИРКОВЦИ**

Се објавува **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 1161/3 и КП 3708/11 КО Мирковци**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/8** **Општина Чучер-Сандево**
**31.07.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 1161/3 И КП 3708/1 КО МИРКОВЦИ**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр.**09-1822** од **26.08.2011** година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправниот објект, **А1-1 стамбени куќи содворови-самостојни**, кој е изграден КП **1161/3** и КП **3708/1** КО **Мирковци**.

Согласно Општиот акт за с.**Мирковци**, КП **3708/1** КО **Мирковци**, на која е изграден дел од објектот (31 м2) е со намена Е-инфраструктура (пат).

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-863/10**
**30.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 41.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ НА АКТОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

Се објавува **Одлука за формирање на комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/9**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево." бр.2/03) и член 8 став (1) и (2) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Р.М." бр. 79/09), Советот на Општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ НА АКТОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

**Член 1**

Со ова Одлука се формира Комисија за подготовка на предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеќу Општина Чучер-Сандево и Општина Сопиште.

**Член 2**

Комисијата за подготовка на предлог на актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка е составена од 6 (шест) члена со еднаков број членови предложени од двете општини и тоа:
- Ацо Пршевски, преставник од Општина Чучер-Сандево
- Румена Соколиќ, преставник од Општина Чучер-Сандево
- Марија Мисердовска, преставник од Општина Чучер-Сандево
- Даме Наумовски, преставник од Општина Сопиште
- Сашко Стојановски, преставник од Општина Сопиште
- Наташа Блажовска, преставник од Општина Сопиште

**Член 3**

Комисијата има обврска во рок од 15 дена да го подготви Предлогот на актот за воспоставување на меѓуопштинска сораборка помеѓу Општина Чучер-Сандево и Општина Сопиште.

**Член 4**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-863/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30.07.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 42.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ ” САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ “Александар Урдаревски“Сандево за учевбната 2017/2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/10**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ ” САНДЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево го усвојува Годишниот извештај на ООУ “Александар Урдаревски” Сандево за учебната 2017-2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-863/12**
**30.07.2017 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 43.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ООУ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ " С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учевбната 2017/2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/11** **Општина Чучер-Сандево**
**31.07.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **30.07. 2017** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ООУ "Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ " с.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево го усвојува Годишниот извештај на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште, за учебната 2017/2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-863/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**30.07.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 44.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОУ "МИХАЉГРАМЕНО " С.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

Се објавува **Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ "Михаљ Грамено" с.Брест за учевбната 2017/2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **9-та** седница, одржана на **30 јули 2018** година.

**Бр.09-885/12**
**31.07.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **30.07.2018** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОУ "МИХАЉ ГРАМЕНО " с.БРЕСТ ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1.Советот на општина Чучер-Сандево го усвојува Годишниот извештај за работата на ОУ "Михаљ Грамено" с.Брест, за учебната 2017-2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-863/14**
**30.07. 2017 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

33. **Одлука за усвојување на квартален извештај, за II квартал за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2018 година .....................................................1**

34. **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетото на Општина Чучер-Сандево за 2018 година..................................................................................... 27**

35. **Одлука за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност ......................................................................... 28**

36. **Одлука за учество на Општина Чучер-Сандево во спроведување на Проектот за локална и регионална конкуретност (ПЛРК)......................................................................... 29**

37. **Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти............................................................................... 31**

38. **Одлука за недонесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти............................................................................... 33**

39. **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3491/1 И КП 3724/1 КО Мирковци.................................... 34**

40. **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 1161/3 и КП 3708/11 КО Мирковци................................. 35**

41. **Одлука за формирање на комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.......................................................................... 37**

42. **Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ “Александар Урдаревски“Сандево за учевбната 2017/2018 година................................................................. 38**

**43. Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште за учевбната 2017/2018 година........................................................................ 39**

**44. Заклучок за усвојување на годишниот извештај на ООУ "Михаљ Грамено" с.Брест за учевбната 2017/2018 година........................................................................ 40**